**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-75

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10 и 136/11), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу Алфа Банка АД Атина Грција и ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД Атина Грција, а поднесено од Алфа Банка АД Атина Грција, преку полномошник Адвокат Александра Арсоска од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 22.11.2011 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу Алфа Банка АД Атина Грција со регистрирано седиште на ул. Стадиу бр. 40 Атина, Грција и ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД Атина Грција со регистрирано седиште на ул. Отонос бр. 8, Атина, Грција, преку спојување односно припојување на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД Атина кон Алфа Банка АД Атина, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 01.11.2011 година, Алфа Банка АД Атина Грција (во понатамошниот текст: Алфа Банка АД) согласно одредбите од член 14 став (1) точка 1 и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесе известување за концентрација помеѓу Алфа Банка АД и ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД Атина Грција (во понатамошниот текст: ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД).

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием.

Комисијата за заштита на конкурецијата при испитување на известувањето и оценка на концентрацијата, ја утврди следната фактичка состојба:

**1. Учесници во концентрацијата: фирма, седиште и предмет на работење:**

- Алфа Банка АД Атина Грција со регистрирано седиште на ул. Стадиу бр. 40 Атина, Грција.

Алфа Банка е дел од една од водечките групации во Грција за услуги во областа на банкарството и финансиите, која нуди широк опсег на услуги, вклучувајќи услуги на банкарско работење со население, банкарско работење со претпријатија/корпорации, управување со средства, банкарско работење со приватни лица и граѓанство, распределба на осигурување, инвестиционо банкарство, лизинг, факторинг, брокерство и управување и брокерство со недвижнини. Групацијата е активна во Грција, нејзиниот главен пазар, како и во поголемиот број на пазари во југоисточна Европа (Романија, Кипар, Србија, Бугарија, Албанија, Украина и Република Македонија), а присутна е и во Велика Британија. Од октомври 2011 година Алфа Банка работи со мрежа од повеќе од 400 експозитури во Грција и над 500 експозитури во странство.

- Алфа Банка АД Скопје со регистрирано седиште на ул. Димитрие Чуповски бр. 2, ПФ 564, 1000 Скопје.

Алфа Банка АД Скопје е 100% во сопственост на Алфа Банка АД Атина Грција, со предмет на работење вршење на следните финансиски активности:

- прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
- издавање на електронски пари, доколку е уредено со посебен закон;
- финансиски лизинг;
- менувачки работи;
- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи и купопродажба на девизи;
- брз трансфер на пари;

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- изнајмување сефови, остава и депо;
- тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);
- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- тргување со хартии од вредност;
- тргување со финансиски деривати;
- управување со средства и портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на клиенти;
- давање на услуги на банка-чувар на имот;
- купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;
- посредување во продажба на полиси за осигурување;
- посредување во склучување договори за кредити и заеми;
- обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
- економско-финансиски консалтинг и
- други финансиски активности утврдени со закон што може да ги врши банка.

Алфа Банка АД Скопје има вкупно 25 експозитури во Република Македонија и тоа во Скопје има 11 а останатите 14 експозитури се лоцирани во градовите Куманово, Кочани, Велес, Неготино, Кавадарци, Струмица, Гевгелија, Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Кичево, Гостивар и Тетово.

- ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД Атина Грција со регистрирано седиште на ул. Отонос бр. 8, Атина, Грција.

ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД е една од водечките банки во Грција. Во Грција, таа нуди, меѓу другите, услуги на банкарско работење со население, банкарски услуги на мали и средни претпријатија, инвестиционо банкарство, услуги на пазарот на капитал, банкарско работење со приватни лица и граѓанство и управување со средства. Уште повеќе, ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД е активна во поширокиот сектор на финансиски услуги, со присуство во области како што се осигурувањето, недвижностите и услуги за исплата на плати. ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД работеше со вкупна мрежа од повеќе од 1.600 експозитури, деловни центри и продажни места на крајот на септември 2009 година, во Грција и во централна и југоисточна Европа, нудејќи широк опсег на услуги во областа на банкарството и финансиите на нејзините клиенти, физички и правни лица. ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД во овој момент е дел од Групацијата ЕФГ, која се состои од кредитни институции, компании за финансиски услуги и финансиски холдинг компании. Оперативната "мајка" компанија на ЕФГ Групацијата е Европската Финансиска Групација ЕФГ (Луксембург) АД, додека нејзина крајна мајка компанија е

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Приватен Финансиски Холдинг ДОО, која е во целосна сопственост и контролирана индиректно од членови на фамилијата Лацис.

## 2. Правна форма на концентрацијата

Правната форма на концентрацијата е спојување на две или повеќе претходно независни претпријатија или делови од претпријатија, во смисла на член 12 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

На 29 Август 2011 година Одборите на директори на Алфа Банка АД и на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД склучиле договор за поврзување на Алфа Банка АД и ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД по пат на спојување со правен назив "Договор за спроведување". На 20 Септември 2011 година, Одборите на директори на Алфа Банка АД и ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД го одобриле договорот за спојување.

ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД ќе се спои со Алфа Банка АД, односно ќе се припои кон Алфа Банка АД, со тоа што Алфа Банка АД ќе продолжи да постои како конечна мајка банка која ќе има контрола врз фирмите ќерки и на Алфа Банка АД и на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД.

Поточно, со и врз основа на договорот за спојување и соодветната постапка определена со грчкиот Закон 2515/1997 и консолидираниот грчкиот Закон 2190/1920, Алфа Банка АД, чија фирма ќе се смени во "Алфа Еуробанк АД" ќе:

а. се здобие со секое и сите средства и обврски на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД;
б. ја замени ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД во сите права и обврски, настапувајќи како наследник на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД со примена на законот;
в. се здобие со директна или индиректна контрола на претпријатијата, кои во време на завршувањето на спојувањето, се под директна или индиректна контрола на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД.

Спојувањето ќе се изврши по пат на консолидирање на активата и пасивата на двете банки кои се спојуваат, врз основа на Билансите на состојба на спојувањето на секоја од банките на 31 декември 2010 година, кое потоа ќе се формира. Горенаведените актива и пасива ќе бидат префрлени во Билансот на состојба на Алфа Банка АД на крајот на спојувањето.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

При завршувањето на спојувањето, ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД ќе престане да постои и нејзините акционери, т.е. имателите на обични акции, со право на глас, како и приоритетни акции, без право на глас, ќе станат, со примена на законот, акционери на Споената Банка, со тоа што на нив ќе им бидат доделени, по пат на надоместок за акциите на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД и воопшто, за целата актива на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД, ново издадени (обични со право на глас или приоритетни без право на глас) акции, зависно од случај до случај.

Согласно условите на Договорот за спроведување на спојувањето, кои треба да бидат одобрени од соодветните акционери и на Алфа Банка АД и на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД, акционерскиот капитал на Споената банка кој одговара на обичните акции со право на глас (во понатамошниот текст: “Обичниот акционерски капитал”) ќе се состои како што следи:

а. постоечките акционери на Алфа Банка АД ќе претставуваат, збирно, 57,57% од Обичниот акционерски капитал на Споената банка, со менување на 1 (една) постоечка обична акција на Алфа Банка АД со право на глас со 1 (една) нова обична акција со право на глас во Споената банка.

б. Акционерите на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД ќе претставуваат, збирно, 42,43% од Обичниот акционерски капитал на Споената банка, со менување на 7 (седум) постоечки обични акции на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД со право на глас со 5 (пет) нови обични акции со право на глас во Споената банка.

в. на Грчката Држава, која во овој момент има приоритетни акции без право на глас на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД, ќе и бидат сменети/заменети овие акции со нови приоритетни акции, без право на глас, во Споената банка.

Ниту еден акционер на Алфа Банка АД во овој момент нема повеќе од 5% од правата на глас на Алфа Алфа Банка АД. По завршувањето на спојувањето, сите акционери на Алфа Банка АД колективно ќе имаат сопственост над 57,57% од обичните акции со право на глас на Споената банка, од кои само најголемите 32 акционера на Алфа Банка АД ќе претставуваат 20% од обичните акции со право на глас на Споената банка. Врз основа на просечните стапки на присуствување на собранијата на акционери на Алфа Банка АД и ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД, проценето е дека отприлика 42% од вкупниот број на акции со право на глас ќе бидат застапени во собранијата на акционери на Споената банка. Како резултат, Групацијата ЕФГ, со 19% од акциите со право на глас во Споената банка нема да биде во позиција да врши одлучувачко влијание над Споената банка, земајќи го исто така во предвид фактот дека 32-та најголеми акционера на Алфа Банка АД ќе имаат вкупно 20% од акциите со право на глас на Споената банка. Дополнително, еден од 32-та најголеми акционера на Алфа

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Банка АД е Парамаунт, компанија со седиште во Катар која ги застапува деловните интереси на најистакнатата фамилија во Катар, која самата има 5% удел во Алфа Банка АД, кој ќе биде сменет во 3% удел со право на глас во Споената банка. Понатаму, доколку се оствари планот за вложување на капитал во Споената банка од страна на Парамаунт, учеството на Групацијата ЕФГ во акциите на Споената банка ќе се намали на 14%, додека учеството на Парамаунт во акциите на Споената банка ќе се зголеми на 17%.

Со оглед на горенаведената распределба на обичните акции со право на глас во Споената банка и на отсуството на услови во Статутот на Споената банка и/или во спротивно акционерски договори, Споената банка нема да биде контролирана било директно или индиректно од кое и да било трето физичко или правно лице.

## 3. Правен основ на концентрацијата

На 29 Август 2011 година Одборите на директори на Алфа Банка АД и на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД склучиле Договор за поврзување на Алфа Банка АД и ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД по пат на спојување со правен назив "Договор за спроведување". На 20 Септември 2011 година, Одборите на директори на Алфа Банка АД и ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД го одобриле договорот за спојување.

## 4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата

Вкупниот годишен приход на Алфа Банка АД остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2010 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува XXX[1] или приближно XXX денари.

Вкупниот годишен приход на Алфа Банка АД остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во РМ во 2010 година (преку Алфа Банка АД Скопје) како година која претходи на концентрацијата изнесува приближно XXX евра или XXX денари.

---

[1] (среден курс на Народна банка на Република Македонија на 31.12.2010 година, 1 евро = 61,5050 денари)

Податоците обележани со XXX се службена тајна

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Вкупниот годишен приход на ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2010 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува ХХХ евра или приближно ХХХ денари.

ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД нема остварено приходи од продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Македонија во 2010 година.

Заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на светскиот пазар го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност и еден од учесниците е регистриран во Република Македонија. Исто така, заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на пазарот во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност. Следствено, известената концентрација е предмет на одобрение од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 14 став (1) точка 1 и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

## 5. Релевантни пазари

Алфа Банка АД Скопје ги врши сите финансиски активности кои според член 7 од Законот за банки (Службен Весник на РМ бр. 67/07, 90/09 и 67/10), може да ги врши една банка во Република Македонија и тоа:

1) прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
2) кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
3) кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
4) издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
5) издавање на електронски пари, доколку е уредено со посебен закон;
6) финансиски лизинг;
7) менувачки работи;
8) платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
9) брз трансфер на пари;
10) издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
11) изнајмување сефови, остава и депо;
12) тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);

13) тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
14) тргување со хартии од вредност;
15) тргување со финансиски деривати;
16) управување со средства и портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на клиенти;
17) давање услуги на банка-чувар на имот;
18) купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;
19) посредување во продажба на полиси за осигурување;
20) посредување во склучување договори за кредити и заеми;
21) обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
22) економско-финансиски консалтинг и
23) други финансиски активности утврдени со закон што може да ги врши банка.

ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД не е присутна на пзарот во Република Македонија.

**6.1. Релевантен пазар на производи**

Комисијата, при дефинирање на релевантниот пазар за оцена на предметната концентрација, тргнува од финансиските активности кои според член 7 од Законот за банки (Службен Весник на РМ бр. 67/07, 90/09 и 67/10), може да ги врши една банка во Република Македонија и тоа:

1) прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
2) кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
3) кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
4) издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
5) издавање на електронски пари, доколку е уредено со посебен закон;
6) финансиски лизинг;
7) менувачки работи;
8) платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
9) брз трансфер на пари;
10) издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
11) изнајмување сефови, остава и депо;
12) тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);
13) тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
14) тргување со хартии од вредност;

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

15) тргување со финансиски деривати;
16) управување со средства и портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на клиенти;
17) давање услуги на банка-чувар на имот;
18) купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;
19) посредување во продажба на полиси за осигурување;
20) посредување во склучување договори за кредити и заеми;
21) обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
22) економско-финансиски консалтинг и
23) други финансиски активности утврдени со закон што може да ги врши банка.

Притоа, Комисијата за целите на оценка на пријавената концентрација го остава отворено прашањето дали постои единствен пазар на вршење на финансиски активности кои според член 7 од Законот за банки може да ги врши една банка во Република Македонија, дали секој од наведените активности претставува посебен релевантен пазар или пак одредени активности заедно претставуваат посебен пазар, бидејќи било која алтернативна дефиниција да се земе како релевантна истото нема да доведе до различна оценка на концентрацијата.

### 5.2. Релевантен географски пазар

Релевантен географски пазар за оценка на предметната концентрација е територијата на Република Македонија.

## 6. Пазарни удели на релевантниот пазар пред и по спроведување на концентрацијата

Алфа Банка АД Скопје според класификацијата на Народна Банка на Република Македонија во 2010 година, според вкупната актива спаѓа во групата на средни банки кои имаат актива од 4,5 до 15 милијарди денари.

Според податоците на подносителот на известувањето, Алфа Банка АД Скопје на пазарот банкарско работење со население за 2010 година учествува со 0-5% за влогови и 0-5% за потрошувачки кредити. На пазарот на банкарско работење со претпријатија/корпорации Алфа Банка АД Скопје учествува со 0-5% за влогови и 0-5% за заеми. Исто така, на пазарот на платежни картички Алфа Банка АД Скопје учествува со 0-5% за кредитни картички и 0-5% за дебитни картички, додека на пазарот на услуги на финансискиот пазар Алфа Банка АД Скопје учествува со 0-5% (девизен пазар), односно 0-5% (државни благајнички записи) односно 20-30% (меѓубанкарски депозити).

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Според анализата на банкарскиот сектор за 2010 година на Комисијата направена врз основа на ревидираните финансиски извештаи на банките од 2010 година, Алфа Банка АД Скопје учествува со 0-5% според вкупно остварените приходи, со 0-5% според приходите остварени од надоместоци и провизии и со 0-5% според приходите од камати. Инаку, групата на големи банки (три банки) заедно имаат пазарен удел од 60-70% според вкупните годишни приходи. Според вкупните годишни приходи, групата на средни банки (девет банки) заедно имаат пазарен удел од околу 30-40%, додека групата на мали банки (пет банки) заедно имаат пазарен удел од 0-5%. Од друга страна, според приходите од надоместоци и провизии, групата на големи банки заедно имаат пазарен удел од 60-70%, додека групата на средни банки (девет банки) заедно имаат пазарен удел од 20-30%. Групата на мали банки (пет банки) заедно имаат пазарен удел од 0-5, според приходите од надоместоци и провизии. Според приходите од камати, групата на големи банки (првата банка има пазарно учество од 20-30%) заедно имаат пазарен удел од 60-70% додека групата на средни банки (девет банки) заедно имаат пазарен удел од 30-40%. Групата на мали банки (пет банки) заедно имаат пазарен удел од 0-5%, според приходите од камати.

Оттука, Комисијата оцени дека поради незначителното учество на Алфа Банка АД Скопје на релевантниот пазар, со концентрацијата не се создава или зајакнува доминантна позиција и поради тоа не е потребно да се врши понатамошно дефинирање и анализа на овој пазар.

## 7. **Оценка на концентрацијата**

Комисијата за заштита на конкуренцијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став 2 и став 4 од Законот за заштита на конкуренцијата и член 14 од Уредбата за поблиските критериуми за оценка на концентрациите и содржината и формата на известувањето (Службен весник на Република Македонија бр.91/05) оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот, бидејќи нема за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Според класификацијата на Народна Банка на Република Македонија, банките во Република Македонија според нивната актива се поделени во три групи и тоа група на големи, средни и мали банки. Со оглед на тоа што Алфа Банка АД Скопје спаѓа во групата на средни банки, нејзината позиција во однос на трите најголеми банки е релативно слаба.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Имајќи го во предвид фактот дека ЕФГ Еуробанк Ергасиас АД не остварува приходи на пазарот во Република Македонија, со спроведувањето на концентрацијата нема да се промени структурата на релевантниот пазар на производ, односно пазарното учество на Алфа Банка АД Скопје на релевантниот пазар нема да се промени т.е. нема да се зголеми.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на концентрацијата.

**Упатство за правно средство:**
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**